...за водоснабдување и одводнување ... јавно претпријатие ХС "ЗЛЕТОВИЦА"
Бр. 04-373/2
18.06.2019
Пробиштип

**Република Северна Македонија**
Јавно претпријатие Хидросистем Злетовица- Пробиштип

Врз основа на член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), член 15 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), член 22 и член 23 од Законот за работните односи, Правилникот за задолжителни елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и на пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор ("Службен весник на РМ" бр.34/2015) и Известувањето од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства бр.18-4211/2 од 30.05.2019 година, ЈП ХС Злетовица-Пробиштип објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС бр.01/2019**
**за вработување на неопределено време на 1 (еден) давател на јавни услуги и 4 (четири) помошно технички лица во ЈП ХС Злетовица-Пробиштип**

ЈП ХС Злетовица-Пробиштип, со седиште на ул."Цветко Тонев" бр.3А, тел.032 481 520, e-mail: contact@hszletovica.com.mk има потреба од вработување на:

1. **Оператор во SCADA систем**, со статус на давател на јавни услуги, со шифра КДР 03 05 Б02 184 – 1(еден) извршител, со исполнување на следниве посебни услови:
   - Стручни квалификации: најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование.
   - Образование: гимназија, електротехника или информатика
   - Работно искуство: најмалку две години работно искуство во струката

2. **Оператор за одржување на објекти и опрема/работник за одржување на брана со придружни објекти,** со статут на помошно технички лица, со шифра КДР 04 01 А01 123 - 4 (четири) извршители со исполнување на следниве услови:
   - Стручни квалификации: најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование.
   - Работно искуство: со или без работно искуство

Покрај горенаведените посебни услови, заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат и општите услови за вработување согласно Законот за работните односи и тоа:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Распоред на работно време за работното место Оператор во SCADA систем:
- работни денови: од понеделник до петок,
- работни часови: 40 часа неделно,
- работно време: од 7 до 15 часот

Распоред на работно време за работното место Оператор за одржување на објекти и опрема/работник за одржување на брана со придружни објекти:
- работни денови: од понеделник до недела,
- работни часови: 40 часа неделно,
- работно време: во смени

Нето износот на основната плата за работното место Оператор во SCADA систем изнесува 17.116,00 денари.

Нето износот на основната плата за работното место Оператор за одржување на објекти и опрема/работник за одржување на брана со придружни објекти систем изнесува 15.694,00 денари.

Напомена: Согласно Годишниот план за вработување на ЈП ХС Злетовица- Пробиштип во 2019 година, вработувања се предвидени за: Македонец/ка 5 (пет).

Кон пријавата заинтересираните кандидати потребно е да достават:

- Кратка биографија
- Доказ за завршен степен на образование,
- Уверение за државјанство,
- Лекарско уверение за општа работна способност
- Доказ дека не му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност.
- Доказ за работно искуство за работното место под реден број 1.

Документите се доставуваа во оригинал или копија заверена на нотар.

Јавниот оглас трае 15 (петнаесет) дена сметано од денот на објавување во дневен печат.

Доколку на јавниот оглас се пријавиле до 200 кандидати изборот ќе се изврши во рок од 45 дена, од 201 до 500 кандидати изборот ке се изврши во рок од 90 дена и над 500 кандидати изборот ке се изврши во рок од 120 дена, по истекот на рокот за пријавување.

Кандидатите се пријавуваат на јавниот оглас со пополнување на пријава. Пријавата за вработување кандидатите можат да ја подигнат од канцелариите на јавното претпријатие или на веб страната www.hszletovica.com.mk

Пријавите со потребните документи да се достават во запечатен плик на адреса: ЈП ХС Злетовица-Пробиштип, ул."Цветко Тонев" бр.3А Пробиштип, со ознака "Јавен оглас за вработување бр.01/2019", по пошта или во архивата на ЈП ХС Злетовица- Пробиштип секој работен ден од 7-15 часот.

Некомплетните, ненавремени и неуредно пополнети пријави нема да се земат во предвид при разгледувањето.

Постапката за селекција на пријавените кандидати се состои од проверка на пријавите и веродостојноста на доставените податоци и докази во прилог на пријавата. По завршување на постапката за селекција ќе се спроведе интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите. Постапката за селекција и интервју ќе ги спроведе Комисија формирана од Директорот на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип. По завршување на постапката, за извршениот избор секој кандидат ќе биде писмено известен.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошната постапка по овој оглас.

ЈП ХС Злетовица- Пробиштип

ХС "ЗЛЕТОВИЦА" Пробиштип